*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*
*ОПШТИНА КРУШЕВО*

*Предлагач:Градоначалник*

# *ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР*

*НА ОПШТИНА КРУШЕВО*
*ЗА 2022 г. БР.08-1328/3 од 28.12.2021 год.*

*КРУШЕВО,* ***ФЕВРУАРИ 2022 г.***

# *БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР НА ОПШТИНА КРУШЕВО*

*Врз основа на Закон за Буџетите Сл.б 64/05,04/08, 103/08, 156/09,95/10,180/11, 171/12 Чл.21, 192/15 и 167/16 и Закон за финансирење на ЕЛС ( "Службен весник на Република Македонија " бр. 61/04, 96/04 67/07, 156/09,47/11,192/15 и 209/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19,53/21,77/21 и 150/21 Советот на општина Крушево на 6-та седницата одржана на ден 28 .12.2021 година донесе*

## *Буџетски календар*

| Чекор | Надлежен орган | Постапка | Рок |
|---|---|---|---|
| 1 | Совет на општината | Се донесува буџетскиот календар | Ноември, декември / февруар,март |
| 2 | Министерство за финансии | Министерот за финансии доставува извештај до владата на РМ<br>-фискална состојба во тековната година<br>-целите на фискалната политика<br>-главните категории на приходи и трошоци за наредната буџетска година<br>фискална стратегија за наредните три години | Април |
| 3 | Совет на општината | Разгледување или утврдување на фискалната стратегија на општината.разгледува развојни документи | Април,Мај |
| 4 | Градоначалникот на општината | Подготвува општински буџетски календар со главни насоки за изготвување на финансиските планови и го доставува до | Мај,Јуни, Јули |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | општинските буџетски корисници и финансискиот оддел<br>на општината го донесува буџетскиот календар | |
| 5 | Општински буџетски корисници | Ги доставуваат своите финансиски планови до градоначалникот | Август, Септември |
| 6 | Финансиски оддел на општината | Проценките на трошоцитеза следната буџетска година се враќаат во одделот од страна на раководителите на одделите на општината и од општинските буџетски корисници | Септември |
| 7 | Финансиски оддел на општината | -Се анализираат буџетските барања<br>-барањата се анализираат,усогласуваат и поднесуваат до градоначалникот<br>-се изготвува предложениот трошковен план<br>-се подготвува предложената програма за приходи | Септември, Октомври |
| 8 | Министерство за финансии | До општината го доставува буџетскиот циркулар кој ги содржи главните насоки за изготвување на буџетот на општината и висината на дотациите за општините по основ пренесените надлежности од буџетот на РМ | Најдоцна до 30 Септември |
| 9 | Градоначалник | До општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови | Октомври |
| 10 | Градоначалник | Подготвува предлог план на програми за развој усогласен со насоките од циркуларот и истиот го доставува до Советот на Општината на одобрување | Септември Октомври краен рок 20 Октомври |
| 11 | Совет на Општината | Го одобрува предлогот на планот на програмите за развој | Октомври Ноември рок 15 Ноември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12 | Финансискиот оддел на општинската администација | Подготвување на предлог буџетот на општината и го доставува до градоначалникот | Октомври, Ноември |
| 13 | Градоначалникот на општината | Ги разгледува и одобрува предложените предлог-буџетски пресметки и го одобрува Предлог -буџетот | Ноември |
| 14 | Градоначалникот | Го доставува предлог- буџетот до Советот на Општината | Ноември |
| 15 | Градоначалникот на општината | Доставување на конечен предлог - буџет на расправа до Советот на општината | Декември |
| 16 | Совет на општината | Расправа во телата на Советот на општината и одржување седница на Совет за донесување на Буџетот за наредната година | Декември |
| 17 | Совет на општината | Донесување на буџетот на општината и донесување на Одлука за извршување на буџетот | Краен рок 31 Декември |
| 18 | | Започнува новата буџетска година | Јануари |

# Буџетски календар на Општина Крушево

Роковите за планирање и донесување на буџетот на општината се определени со буџетскиот календар на општината ,што го донесува Советот на општината.При формирањето на буџетскиот календар , Советот мора да се води од рамките и роковите утврдени со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Со буџетскиот календар се дефинираат потребните рокови за превземање на сите дејствија кои претставуваат пропратен и задолжителен елемент во процесот на донесување на буџетот на општината.Запазувањето на овие рокови е од особено значење за одржување на финансиска стабилност на општината :доколку општината не успее да го донесе буџетот во законски утврдените рокови ,по сила на законот настапува еден од условите за распуштање на советот на општината.

## Чекори во општинскиот буџетски процес

Процесот на донесување на буџетот на општината опфаќа повеќе чекори и постапки и притоа вклучува различни органи и лица на општинско и државно ниво, чии дејствија се задолжителни согласно законската регулатива.

Буџетскиот процес започнува со донесувањето на буџетскиот календар и со утврдувањето на фискалната стратегија на општината од страна на Советот на општината. Законот не го прецизирал овој рок, меѓутоа се препорачува рокот за донесување на календарот да биде донесувањето на буџетот на општината за наредната година или почетокот на годината. Во месец април Министерот за финансии е должен да подготви извештај за фискална состојба во тековната година, целите на фискалната политика и главните катергории на приходи и трошоци за наредната буџетска година, и да го достави до Владата на Република Северна Македонија која ги утврдува своите ставови за наредната буџетска година. Врз основа на овие ставови, Министерот за финансии изготвува буџетски циркулар кој ги содржи главните насоки за изготвување на буџетот и го доставува до буџетските корисници на буџетот на Р.С. Македонија.

Буџетскиот циркулар со основните насоки за изготвување на предлог буџетот на општините Министерот за финансии најдоцна до 30 септември од тековната година, го доставува до општините. Заедно со буџетскиот циркулар, Министерто за финансии ги известува општините и за видот и висината за наредната буџетска година за секоја општина одделено.

Паралелно со овие процеси, во рамките на општината се одвива комуникација на релација општина-општински буџетски корисници. Имено, општинските буџетски корисници се должни на општината да и ги достават своите финансиски планови за наредната буџетска година, изготвени во согласност со насоките дадени од Градоначалникот на општината. Потоа, финансиксиот оддел на општинската администрација ги анализира барањата на општинските буџети и го известува Градоначалникот на општината за основните параметри (зголемени и/или намалени барања).

Следен чекор во буџетскиот процес е изготвувањето на предлог буџетот на општината. Предлог-буџетот на општината го изготвува финансискиот оддел на општинската администрација заедно со Градоначалникот, врз основа на изв ршените анализи на општината во однос на предвидените приходи и расходи, фискалната стратегија изготвува од Советот на општината, буџетски циркулар, законската и подзаконската регулатива и друго. Потоа, градоначалникот предлогот на буџетот му го доставува на Советот на општината заради усвојување.

Советот е должен да го донесе буџетот за наредната година најдоцна до 31.декември во тековната година.

Општина Крушево
Претседател на Совет
Андреј Николоски
__________________________________